Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 14 став (1) точка 4) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 март 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар - Shoqeri per prodhimin e energjis elektrike GRAVIS HIDRO SHPK import-eksport Gostivar му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ПЕНА со реф.бр.84”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар - Shoqeri per prodhimin e energjis elektrike GRAVIS HIDRO SHPK import-eksport Gostivar, со седиште на ул. ЈНА бр.21 Гостивар (во понатамошниот текст: Друштво), на 15 февруари 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ПЕНА со реф.бр.84”, УП1 бр. 12-16/21 од 15 февруари 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 18 февруари 2021 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

На Друштвото му е издадено Одобрение за градење бр. 27 УП-528/2018 Е од 23 јануари 2019 година издадено од Министерство за транспорт и врски, со кое се одобрува изградба на мала хидроелектрична централа МХЕЦ ПЕНА со реф.бр.84, во Општина Тетово, со правосилност од 11 февруари 2019 година.

Друштвото има Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи МХЕЦ ПЕНА со реф.бр.84, МХЕЦ ПЕНА со реф.бр.85 и МХЕЦ ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91 склучен помеѓу Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз, Гостивар со бр. 165-9 од 5 ноември 2020 година и Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 11-4653/1 од 10 ноември 2020

година и Анекс на Договорот за концесија на вода склучен помеѓу Друштвото со бр. 167-9 од 24 декември 2020 година и Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 11-4653/2 од 25 декември 2020 година. Договорот за концесија на вода е склучен за период од 20 години од изградба на објектот, а рокот за изградба на објектот е 25 јануари 2023 година.

Друштвото има Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа МХЕЦ ПЕНА со реф.бр.84 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.11 УП1/5- 774/2017 од 29 август 2017 година.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше барањето на 1 март 2021 година.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-348/1 од 4 март 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 4 март 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 4) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 4) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ПЕНА со реф.бр.84” на Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар - Shoqeri per prodhimin e energjis elektrike GRAVIS HIDRO SHPK import-eksport Gostivar.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-16/21**
**4 март 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17) dhe nenit 42, paragrafi (1), pika 4) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenit 14, paragrafi (1), pika 4) të Rregullores së Licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 4 mars 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË PËRKOHSHME TË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE,**
**PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike “GRAVIS HIDRO” SHPK import-eksport, Gostivar, i lëshohet licencë e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike nga Hidrocentrali Elektrik HCEV “SHKUMBINI me nr. ref.84”.

2. Licenca e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1, nr. 12-16/21**
**4 mars 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар - Shoqeri per prodhimin e energjis elektrike GRAVIS HIDRO SHPK import-eksport Gostivar, со седиште на ул. ЈНА бр.21 Гостивар, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-462-2021

4. **Единствен матичен број:** 7164556

5. **Единствен даночен број:** 4007016522707

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ПЕНА со реф.бр.84" во општина Тетово.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ПЕНА со реф.бр.84" со следните технички карактеристики:

а) назив на хидроелектроцентралата: МХЕЦ "ПЕНА со реф.бр.84"
б) моќност на хидроелектроцентрала: 2890 kW
в) податоци за турбина:
- тип и производител: Пелтон вертикална
- моќност: 3190 kW
- номинална брзина: 600 RPM

г) податоци за генератор:
- тип и производител: Синхрон, вертикален, Marelli Motori, Италија
- инсталирана привидна моќност: 3400 kVA,
- фактор на моќност: 0,85
- номинална активна моќност: 2890 kW,
- фреквенција: 50Hz
- работен напон: 1 kV,
- номинална брзина: 600 RPM

ѓ) податоци за трансформатор:
- моќност привидна: 3400 kVA,
- номинален напон: 6,3/10,5(21) kV/kV

**Shtojcë:**

**LICENCË E PËRKOHSHME**
**E KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE,**
**PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. **Emri dhe selia e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Shoqëria e Prodhimit të Energjisë Elektrike “GRAVIS HIDRO” SHPK import-eksport, Gostivar, me seli në rr. “APJ” nr.21 Gostivar, Republika e Maqedonisë së Veriut

2. **Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca e përkohshme:**
   Prodhimi i energjisë elektrike

3. **Numri evidentues i licencës së përkohshme:** ЕЕ-ПРОИЗ-462-2021

4. **Numri i amzës:** 7164556

5. **Numri i tatimit:** 4007016522707

6. **Lokacioni i kryerjes së veprimtarisë energjetike**
   Bartësi i licencës, do ta kryejë veprimarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga Hidrocentrali Elektrik HCEV “SHKUMBINI me nr. ref. 84” në Komunën e Tetovës.

7. **E drejta për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike**
   Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak të plotësimit të kushteve për lëshimin e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike, prodhim të energisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

8. **Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme në lidhje me kryerjen e veprimtarisë energjetike, pjesëmarrjen e tij në tregun e energjisë elektrike, mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve për punën finansiare dhe mënyrën e kryerjes së veprimtarisë, si dhe mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve, informatave dhe të dhënave të tjera, të nevojshme për ndjekjen e funksionimit të tregut të energjisë elektrike, do të rregullohen me licencën për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike.

**9. Kapacitet prodhuese me të cilat do të kryhet veprimtaria energjetike**

Veprimtaria energjetike prodhim i energjisë elektrike, do të kryhet nga hidrocentrali elektrik HCEV "SHKUMBINI me nr. ref. 84" me karakteristikat teknike në vijim:

а) emri i hidrocentralit elektrik: HCEV "SHKUMBINI me nr. ref. 84"
б) fuqia e hidrocentralit elektrik: 2890 kW
в) të dhënat për turbinën:
- lloji dhe prodhuesi: Pelton vertikale
- fuqia: 3190 kW
- shpejtësia nominale: 600 RPM

г) të dhënat për gjeneratorin:
- lloji dhe prodhuesi: Sinhron, vertikal, Marelli Motori, Itali
- fuqia e instaluar aparente: 3400 kVA,
- faktori i fuqisë: 0,85
- fuqia nominale aktive: 2890 kW,
- frekuenca: 50Hz
- tensioni punues: 1 kV,
- shpejtësia nominale: 600 RPM

f) të dhënat për transformatorin:
- fuqia aparente: 3400 kVA,
- tensioni nominal: 6,3/10,5(21) kV/kV